


ЕВН е компанија чија главна дејност е дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна од 2006 година како дел од групацијата EVN. Во изминатите 15 години на овој пазар, ЕВН се стреми кон одржување на високата професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Во одделот Набавки и материјално работење имаме отворени позиции за амбициозни штотуку дипломирани студенти или студенти во последната година од нивните студии на Економски или Технички факултети (електротехнички, градежен, архитектонски или машински ) или Економски.

# Тренинг програма за специјалисти за СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА НАБАВКИ (М/Ж)

**Информации за програмата**

- Времетраење: 12 месеци со можност на продолжување
- Личен развоен план за зајакнување на професионалните и личните вештини
- Интересни и разновидни задачи и проекти од областа на набавките, подготовките на договорите за нарачка и преговорите со добавувачите.

**Што нудиме:**

Работа на интересни проекти и работни задачи под водство на експерти на ЕВН, во рамки на кои ќе ги развиете Вашите професионални вештини во различни области.

Овозможуваме предуслови за развој на Вашиот потенцијал на професионално и лично поле. Осигуруваме позитивна работна средина и баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот. Флексибилно работно време со можност за работа на далечина.

Ве охрабруваме да го инкорпорирате Вашето знаење и позитивен став во нашата компанија. Откријте го светот на ЕВН и искористете ја можноста за одличен развој на Вашата кариера.

**Што очекуваме**

- Искуство со работни задачи во кратки рокови
- Доверливост, интегритет, иницијативност, високи аналитички способности, организираност, тимска работа
- Способност за решавање проблеми
- Одлични комуникациски вештини и вештини за преговарање
- Познавање на англиски јазик и користење на MS Office
- Способност за самостојна работа и работа во тим.

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо со наслов “ CE TRAINEE” најдоцна до 12.11.2023.
**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност

.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува